# Облици на јавен живот

**Цели на часот што треба да се постигнат:**

**Ученикот/ученичката да:**

☑ ги препознава средиштата каде што се одвивал општествениот живот на класичните народи Хелените и Римјаните;

☑ ги препознава државните управи во древна Атина и Рим;

☑ да научи во кои рекреативни игри учествувале класичните народи за да им приредуваат забава на нивните сограѓани.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# V.1 Градски плоштади

- Општествениот живот на класичните народи се одвивал на градските плоштади, кои биле свртувалишта на голем број на граѓани.
- Прочуениот градски плоштад **агора** бил средиште на јавниот живот во древна Атина.
- Првите градби биле подигнати во VI-тиот век пр. н.е., од кои позначајни се судницата, Стоата (ѕидот) на Ѕевс,  Шарената стоа, жртвеник на дванаесетте богови, Кралската стоа, Булеутерионот (народното собрание), храмот на богот Хефајст и др.
- Во градот Рим се граделе многу плоштади. Најпрочуен од сите нив бил **Римскиот форум** или **Форум романум**.
- Во форумот се наоѓале храмот на богот Јупитер, Регија (седиште на врховниот свештеник), храмот на Кастор и Полукс, Ростра (јавна говорница), триумфалната капија на царот Септимиј Север, храмот на божицата Веста и др.







Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# V.2 Државна управа

- Во демократска Атина во власта непосредно учествувале сите возрасни мажи одржувајќи седници во **Народното собрание** (Булеутерион).
- Народното собрание се нарекува поинаку *Совет на 500-темина*. Тоа значи дека заседавале по 50 мажи над 30 години од десетте административни единици/општини во Атина. Овој систем на управување е демократски.
- Државната управа во римската држава се спроведувала преку **Сенатот** во градот Рим. Со сенатот управувале од 100 до 600 сенатори, магистрати (државни службеници) и поранешни магистрати. Сите биле од редот на патрикиите. Седниците на Сенатот се одржувале во зграда наречена Курија.



НАРОДНО СОБРАНИЕ ВО АТИНА



СЕНАТ ВО РИМ

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# V.3 Забава и слободен живот









- Слободното време класичните народи го поминувале во театрите, амфитеатрите, јавните бањи коишто биле средиште за забава и рекреација.
- Во Хелада особено биле популарни **верско-атлетските празнувања**. Покрај немејските, делфиските и истмиските, мошне прочуени биле **олимписките игри**. Тие се одржувале во градот Олимпија на полуостровот Пелопонез во чест на богот Ѕевс.
- Првите олимписки игри се одржале 776 год. пр. н.е.
- Римјаните ги посетувале стадионите за да следат трки со коњи на двоколки. Во древниот Рим бил изграден најголемиот стадион наречен **Голем киркус** (*Киркус максимус*). До 250.000 посетители можел да прими овој стадион, што укажува на неговата бележита популарност во антиката.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Прашања за домашна работа и за повторување

1. Како се нарекувал прочуениот плоштад во градот Атина, а како во градот Рим?
2. Како се нарекувала државната управа во градот Атина, а како во градот Рим?
3. Колку народни претставници заседавале во атинското собрание, а колку во римскиот Сенат?
4. Дали Сенатот управувал со римската држава за време на царството?
5. Што претставувале олимписките игри и каде се одржувале?
6. Како се нарекувал најголемиот стадион во градот Рим и какви натпревари се одржувале во него?
7. Како се нарекувал големиот амфитеатар во градот Рим во кој се одвивале гладијаторски борби и којшто денес е бележита знаменитост на Италија?

Препиши и одговори ги прашањата во тетратка или во Мајкрософт Ворд, а потоа објави твојата папка во Мајкрософт Тимс во предметниот тим.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски